**Република Северна Македонија**
**Општина Долнени**

**Локална самоуправа**

**Republika e Maqedonisë së Veriut**
**Komuna e Dollnenit**
**Vetëqeverisja Lokale**

Врз основа на член 39 став 1 алинеја 2 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02) а согласно член 23 став 2 од Статутотна општина Долнени („Службен гласник на општина Долнени“ бр.10/19) членовите на Советот на општина Долнени го донесоа следното:

Р Е Ш Е Н И Е

Ја свикувам 20 (дваесеттата) седница на Советот на општина Долнени на ден 31.01.2023 год. во 12:00 часот која ќе се одржи во општина Долнени – Сала за состаноци во Подрачни канцеларии Ропотово, со следниот :

Д н е в е н р е д

27. Усвојување на Записникот од деветнаесеттата седница на Советот на општина Долнени.
28. Одлука за утврдување на вредноста на за платите на државните службеници за 2023 година.
29. Одлука за висина на благајнички максимум за 2023 година.
30. Одлука за користење на приватно возило на администрацијата и советниците за службени потреби.
31. Одлука за определување на право на користење на службен мобилен телефон и за ограничување на износот на сметката.

32. Одлука за измена на годишниот план за вработување за 2023 година.
33. Одлука за давање согласност за измена на годишниот план за вработување во општинската администрација на општина Долнени за 2023 година.
34. Согласност за обезбедени финансиски средства за нови вработувања.
35. Одлука за дополнување на одлуката за извршување на буџетот на општина Долнени за 2023 година.
36. Давање на согласност на програмата за работан на ЈКП – Долнени за 2023 година.
37. Одлука за исплата на еднократна парична помош по основ на доставено барање.

Претседател на Советот
на општина Долнени - Долнени

Хусеин Хасановиќ

# З А П И С Н И К

Од одржаната 20 (дваесетта) седница на Советот на општина Долнени на ден 31.01.2023 година во салата за состаноци во Подрачните канцеларии во Ропотово општина Долнени во 12:00 часот. На кој присуствуваа 15-членови и тоа: Виктор Перески, Дејан Змејкоски, Ангела Јаковлеска, Елмедин Фазлиќ, Изет Сулејманоски, Мајран Алампиески, Нади Садикоски, Сеад Колашинац, Онур Имероски, Рахим Адемоски, Хусеин Хасановиќ, Шенај Зера Ќамилоска, Назим Адемоски и Ахмедин Рамовиќ и Линдита Сулејманоска. Од страна на Претседателот на Советот Хусеин Хасановиќ беше предложен следниот:

Д н е в е н   р е д

1. Усвојување на Записникот од деветнаесеттата седница на Советот на општина Долнени.
2. Одлука за утврдување на вредноста на за платите на државните службеници за 2023 година.
3. Одлука за висина на благајнички максимум за 2023 година.
4. Одлука за користење на приватно возило на администрацијата и советниците за службени потреби.

5. Одлука за определување на право на користење на службен мобилен телефон и за ограничување на износот на сметката.
6. Одлука за измена на годишниот план за вработување за 2023 година.
7. Согласност за обезбедени финансиски средства за нови вработувања.
8. Одлука за дополнување на одлуката за извршување на буџетот на општина Долнени за 2023 година.
9. Разно.

По читањето на дневниот ред претседателот на советот предложи да се надополни дневниот ред со уште три точки и тоа Одлука за Дополнување на Одлуката за извршување на буџетот за 2023 година. Одлука за надоместок за патни трошкови за вработените во општина Долнени. И Програма за работа за 2023 година на ЈКП – Долнени. Вака предвиден дневен ред со дополнување беше ставен на гласање од кој сите советника гласаа ЗА.

1.По однос на првата точка од дневниот ред збор зеде советникот Нади Садикоски кој имаше забелешка околу материјалите на седницата зошто не се преведени на Албански јазик и зошто не е тука преведувачот. Од наредната седница преведувачот да биди тука. Претседателот на советот со ваква забелеша ја стави точката на гласање од кој сите 15 советника гласаа ЗА.

2. По однос на втората точка од дневниот ред збор зеде преставникто од администрација Соња Ѓорѓиоска која објасни дека владата претходно го носи бодот а ние вие само треба да го потврдите. Претседателот на советот точката ја стави на гласање од кој едногласно сите 15 советника гласаа ЗА.

3. По однос на третата точка од дневниот ред збор зеде преставникто од администрација Соња Ѓорѓиоска која објасни за што се работи. Претседателот на советот точката ја стави на гласање од кој едногласно сите 15 советника гласаа ЗА.

4. По однос на четвртата точка од дневниот ред без никаква дискусија и забелешка од страна на советниците. Претседателот на советот точката ја стави на гласање од кој едногласно сите 15 советника гласаа ЗА.

5. По однос на петтата точка од дневниот ред збор зеде советничката Шенај Ќамили Зера која праша кој има право да користи службен број и да се набават броеви и за советниците. Претседателот на советот точката ја стави на гласање од кој едногласно сите 15 советника гласаа ЗА.

6. По однос на шестата точка од дневниот ред без никаква забелешка од страна на советнице. Претседателот на советот Одлуакта ја сатви на гласањеод кој сите 15 советника гласаа ЗА.

7.По однос на седмата точка од дневниот ред збор зеде преставникто од администрација Соња Ѓорѓиоска која објасни за што се работи. Претседателот

на советот точката ја стави на гласање од кој едногласно сите 15 советника гласаа ЗА.
8. По однос на осмата точка од дневниот ред советот одлучи да им се скратат патните трошкови на вработените на општина Долнени со 1 ЗА,11 Против и 3 воздржани.
9. По однос на деветтата точка од дневниот ред збор зеде директорот на ЈКП Милаим Амеди кој ја престави програмата на ЈКП за 2023 година и нагласи како програма таа секогаш трпи измени и дополнувања што значи дека не е фиксна. Вака преставената програма претседателот ја стави на гласање од кој 10 советника гласаа ЗА 2 беа против а додека 3 беа воздржани.
10. По однос на десеттата точка од дневниот ред претседателот на советот гипрочита неколкуте барања кои беа доставени до советот на општина Долнени. Барање од семејството Петрески од с. Вранче кои живеат во тешки услови,едно дете е во инвалидска количка а двете деца се со посебни потреби. Анивната куќа е во фаза на распаѓање. Советот донесе заклучок да се платифактура бр.1/01881 на име на БЕЛ БРО ЕЏО ДООЕЛ од вредност 120.000денари.

Барање од Сафет Реџоски од с. Дебреште кој поднесе барање за паричнапомош поради болеста која ја има. Советот донесе заклучок да му се доделат
10.00 денари.

Барање од Незиров Мусли од с. Гостиражни кој поднесе барање за паричнапомош за болест. Советот донесе заклучок да му се доделат 3.000 денари.

Барање од Севдет Џелоски од с. Дебреште кој поднесе барање за финансискапомош. Советот донесе заклучок да му се доделат 3.000 денари.

Барање од Алириза Исмаилоски од с. Житоше кој поднесе барање зафинансиска помош. Советот донесе заклучок да му се доделат 10.000 денари. Барање од Рафет Абдулоски од с. Црнилиште кој поднесе барање зафинансиска помош. Советот донесе заклучок да му се доделат 10.000 денари.

З а п и с н и ч а р

________________________

Еркан Ајдароски

Претседател
на Советот на општина
Долнени

________________________

Хусеин Хасановиќ